Согласно член 22 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14, 27/16 и 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став 1 алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26 и член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“бр. 62/05.....120/18 и „Службен весник на РСМ“бр. 110/19....111/23 и 39/25), Градоначалникот на Општина Велес објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за засновање на работен однос на определено време**

Општина Велес има потреба од работник за засновање на работен однос на определено време за следното работно место:

1. **УПР 01 01 В01 000 -** Советник за примена на прописи, постапки и обуки за човечки ресурси - 1 извршител.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

**Општи услови**

да е државјанин на РСМ,
-активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место,
-потврда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**посебни услови:**

стручни квалификации, и тоа:
- за нивото В1 ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен: Правни науки.

**работно искуство:**

-за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката.

**посебни работни компетенции:**
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

**општи работни компетенции за средно ниво и тоа:**
решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг, учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа, ориентираност кон клиенти/засегнати страни, финансиско управување

**Распоред на работното време:**

- Работни денови: понеделник-петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време: со почеток помеѓу 07:30 - 08:00 часот и завршување на работното време помеѓу 15:30 - 16:00 часот
- Паричен нето износ на плата: 45.426,00 денари.

Кандидатите кон Пријавата треба да ги доставаат доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

- Биографија (CV)
- Диплома за завршено образование, оригинал или заверен препис
- Уверение за Државјанство на РСМ, оригинал или заверен препис
- Доказ дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место,
- Доказ за работното искуство
- Доказ за познавање на компјутери
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време (додека трае потребата на институцијата, а најдолго една година).

Јавниот огласот трае 3 работни дена од денот на објавувањето во дневен печат, не сметајќи го денот на објавување во дневен печат.

Изборот по јавниот оглас ќе се изврши во рок определен со член 23 од Законот за работните однос.

Пријавата за враборување може да се преземе од веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk

Кандидатите со пријавата, документација треба да ја достават до архивата на Општина Велес или по пошта на адреса: Општина Велес ул. „Панко Брашнар“ бр.1-Велес, со назнака: за „Јавен Оглас за засновање на работен однос на определено време“

Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок ќе се сметаат како неблаговремени и истите нема да се разгледуваат.

За Општина Велес, тел.контакт 043-232 406.

Бр.04-2665/2
05.06.2026
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев